АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 28.02.2022

| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 822 | 1 | |


**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Бахче“;

2.2. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет“;

2.3. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Добра храна“ и „Руски доктор“;

2.4. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на „Шеңа“;

2.5. Друштво за медиуми, издаваштво и маркетинг ЕХО МЕДИА ГРУПА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопско Ехо“ и „Македонско Ехо“;

2.6. Здружение за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА, Битола, издавач на „Зелена берза“;

2.7. Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице“; и

2.8. Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје, издавач на „InStore“.

**Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:**

- изданието за октомври-ноември-декември 2021 година на „Бахче“ бр. 27;
- изданието за зима 2021 година на „Портрет“ бр. 54;
- изданието за декември 2021/јануари 2022 година на „Добра храна“ бр. 17;
- изданието за јануари/февруари 2022 година на „Руски Доктор“ бр. 57;
- изданието за февруари 2022 година на „Шеңа“ бр. 130;
- изданието од 9 февруари 2022 година на „Скоспко Ехо“ бр. 188;
- изданието од 24 февруари 2022 година на „Македонско Ехо“ бр. 17;
- изданието за јануари 2022 година на „Зелена берза“ бр. 43;
- изданието од 2022 година на „Лице в лице“ бр. 48; и
- изданието за февруари 2022 година на „InStore“ бр. 108.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 28 февруари 2022 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***